Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-тата седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-2975/1 од 29.03.2022 година, оформен по доставена пријава со изразено сомневање за незаконитости во постапки на /// за реализација и финансирање на проекти и за поддршка на манифестации и организирање на фестивали во /// за 2022 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај во тек се постапки пред други надлежни органи – Управата за финансиска полиција.

Предметот со број 12-2975/1 од 29.03.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител на ден 29.03.2022 година поднесена е пријава во која е изразено сомневање за незаконитости во постапки на /// за реализација и финансирање на проекти и за поддршка на манифестации и организирање на фестивали во /// за 2022 година, и оформен е предмет број 12-2975/1 од 29.03.2022 година.

Во пријавата од страна на подносителот е укажано на недостаток на транспарентност и на повеќе други недостатоци во Јавниот повик за реализација и финансирање на проекти за поддршка на манифестации и организирање на фестивали во /// за 2022 година, и на недостатоци во Јавниот повик за изработка на идеен проект со реализација за настан – новогодишен базар /// (///) во /// за зима 2021 година, за кои подносителот смета дека претставуваат индиции за можни коруптивни дејствија при спроведувањето на постапките од страна на ///.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање податоци и информации до ///.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени од страна на /// на барање на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

Во врска со Јавниот повик за реализација и финансирање на проекти за поддршка на манифестации и организирање на фестивали, за реализирање на проектите „Фестивал на вино и музика" и „Фестивал ///", утврдено е дека спроведувањето на постапката било засновано на предвидените активности од Програмата за општа туристичка пропаганда и

за подобрување на условите за престој на туристи на /// за 2022 година. Јавниот повик бил објавен на 04.03.2022 година, со времетраење од 10 работни дена, со последен ден за пријавување 17.04.2022 година. Јавниот повик на 04.03.2022 година бил објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха", и на интернет страницата на ///. По спроведување на постапката од страна на формирана комисија – по извршена евалуација на пристигнатите пријави, биле предложени два субјекта кои доставиле најповолни понуди, и тоа за реализација на „Фестивал ///" – правниот субјект ///, а за реализација на „Фестивал на вино и музика" – ///. Помеѓу /// и секој од избраните правни субјекти бил потпишан договор. Субјектите кои доставиле пријави на јавниот повик во врска со резултатите од повикот биле информирани телефонски односно преку e-mail.

Во врска со Јавниот повик за изработка на идеен проект со реализација за настан – новогодишен базар /// (///) во /// за зима 2021 година, утврдено е дека спроведувањето на постапката било засновано на Програмата за општа туристичка пропаганда и за подобрување на условите за престој на туристи на /// за 2021 година. Јавниот повик бил објавен на 02.12.2021 година, со времетраење од 5 дена, со последен ден за пријавување 07.12.2021 година. Јавниот повик на 02.12.2021 година бил објавен во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха", и на интернет страницата на ///. По спроведување на постапката од страна на формирана комисија – по извршена евалуација на пристигнатите пријави, за реализација на новогодишниот базар /// за избор бил предложен правниот субјект ///. Помеѓу /// и избраниот правен субјект бил потпишан договор. Субјектите кои доставиле пријави на јавниот повик во врска со резултатите од повикот биле информирани преку e-mail.

Во текот на постапувањето по предметот беа стекнати сознанија дека во врска со случајот постапува Управата за финансиска полиција.

Оттаму, со оглед на тоа што во врска со случајот во тек е постапка пред друг надлежен орган - Управата за финансиска полиција, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**